КУЗМАН ШАПКАРЕВ
од 1908 г.
СРЕДНО ОПШТИНСКО ЗЕМЈОДЕЛСКО УЧИЛИШТЕ - БИТОЛА

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

## СОЗУ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“ - БИТОЛА

**учениците имаат права,**
**но тие имаат и обврски кон училиштето, кои треба да ги почитуваат**

Почитувајќи ги основните начела на ученичката етика, уважувајќи ги природните и културните разлики кои што постојат меѓу учениците, вработените и родителите, Средното Општинско Земјоделско Училиште „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“ - БИТОЛА ги воведува основните начела со кои се дефинираат моралните стандарди на однесување на учениците, заради зачувување на ликот на училиштето како воспитно-образовна институција. Основните начела се однесуваат на односот на учениците кон наставата, вработените и нивното опкружување,со што ќе се овозможи непречен личен и севкупен развој на учениците и на училиштето.

**Кодексот е наменет и важи за сите ученици во училиштето**

1. Ученикот е должен навреме и редовно да доаѓа на настава, отсуство оправдува родител;
2. Учениците да соработуваат со своите соученици , наставници и останатите вработени, да ја почитуваат нивната личност, да не се навредуваат и да не употребуваат недолични зборови
3. Се забранува нетолеранција и дискриминација по било која основа
4. Да се одбегнуваат конфликтни ситуации со учениците, вработените и надворешни лица
5. Да се практикува правичност и еднаков третман на сите соученици
6. Учениците имаат обврска да го чуваат училишниот инвентар и да ја одржуваат хигиената во ходниците,училниците и дворот. Секаков вид штета што ученикот ќе ја направи, намерно, ќе ја надомести
7. Во училиштето и кругот на училиштето се забранува пушење, конзумирање алкохол, користење на други опојни средства, како и носење на опасни предмети и оружје. За прекршување на оваа одредба се превземаат казнени мерки според Правилникот за изрекување на педагошки мерки
8. Заради непречено изведување на наставата не е дозволено користење на мобилни телефони за време на часот, како и нивна злоупотреба во рамките на училиштето. Во спротивно, телефоните ќе се одземат и ќе се доставаат до Управата. Ученикот нема да може да го користи телефонот до крајот на школската година ако ја повтори грешката
9. Забранет е секаков вид физичко, психичко и интернет-насилство, како и злоупотреба на лични податоци објавени на интернет

10. Во училиштето учениците доаѓаат пристојно облечени. Забрането е непристојно и провокативно облекување
11. Однесувањето во ходниците и другите училишни простории треба да биде пристојно. Не е дозволено вулгарно зборување, плукање, фрлање на отпад, туркање и борење во училишните простории. Во спротивно ќе се смета дека учениците не го почитуваат редот на училиштето и ќе се превземат санкции според Правилникот за изрекување на педагошки мерки
12. Надвор од училиштето, учениците треба да се однесуваат пристојно, со што ќе го градат и одржуваат авторитетот на училиштето
13. Секое непочитување на Кодексот на однесување, учениците и вработените да го пријават кај Управата и Стручната служба

од 1908 г.
КУЗМАН ШАПКАРЕВ
СРЕДНО ОПШТИНСКО ЗЕМЈОДЕЛСКО УЧИЛИШТЕ - БИТОЛА

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ
# на НАСТАВНИЦИТЕ и СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ
## во СОЗУ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“ - БИТОЛА

Заради нормално, коректно и примерно реализирање на воспитно — образовниот процес во училиштето, потребно е наставниците и стручните соработници во училиштето да ги почитуваат следните правила:

1. Својата професија да ја вршат совесно, одговорно и хумано;
2. Да го почитуваат работното време т.е да го почитуваат распоредот на часовите;
3. Наставникот треба навреме да го започне и заврши часот, да водат сметка за дисциплината на класовите , учениците да не излегуваат предвреме од часот бидејќи тоа создава неред во ходниците и пречки во изведувањето на наставата во другите училници;
4. Наставникот треба редовно да го евидентира часот како и отсутните ученици;
5. Класните раководители неколку пати во текот на денот да го контролираат својот клас
6. Класниот раководител треба навремено да ги регулира изостаноците (во период од 7 дена, односно до наредниот класен час);
7. Да не се попречуваат другите наставници во навремено започнување на часот;
8. Навремено и уредно да ги направи сите планирања за наставата и истите да ги достави до стручната служба;
9. Педагошката евиденција и документација ја пополнува класниот раководител односно предметниот професор;
10. Наставникот е должен да го оценува знаењето и постигањето на ученикот во согласност со поставените критериуми за оценување, кои важат за сите ученици подеднакво;
11. Да ги почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко;
12. За време на настава наставникот не треба да употребува мобилен телефон;
13. Секогаш да служи за пример со својот изглед и однесување;
14. Секогаш и секаде да внимава на својот говор кој треба да е литературен и јасен;
15. Постојано да се ангажира за што поквалитетно и поефикасно планирање и реализирање на наставата;
16. Наставникот при извршување на својата професија не смее да прави дискриминација заснована на пол, возраст, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување и општествена положба;
17. Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик, да не навредува, односно да не се употребуваат недолични зборови во комуникацијата со учениците;

18. Наставникот не смее телесно да го казнува ученикот, ниту да го малтретира физички или психички;

19. Наставникот ги информира учениците дека во училиштето е забрането секаков вид на насилство, вклучувајќи го и интернет-насилството, како и злоупотреба на лични податоци достапни на интернет;
20. Наставникот треба да создава клима во која ќе бидат застапени сите педагошки компоненти за работа во која ќе го поттикне ученикот да го изрази и развие својот надобар потенцијал;
21. Наставникот се обврзува да ги планира и спроведе сите вonнаставни активности кои ќе придонесат за максимален развој на учениците;
22. Наставникот треба постојано и на високо професионално ниво да соработува со родителите;
23. Наставникот треба да ја почитува личноста на секој колега,да не се упатуваат навредливи зборови кон нив,да се градат односи на меѓусебна соработка;
24. Се забранува пушење во училишниот простор;
25. Наставникот е одговорен за инвентарот во просторијата во која ја изведува наставата;
26. Совесно користење на нагледни средства и други помагала;
27. Класните раководители, предметните професори и стручната служба кои нема да реагираат на непристојното однесување и облекување на учениците ќе се смета дека ја занемаруваат воспитната функција на училиштето и тие ќе треба да го објаснат своето индиферентно однесување пред Директорот;

Предметните професори да го почитуваат распоредот за дежурства. Дежурниот професор е должен да го надгледува однесувањето на учениците во ходниците и училниците, а за секое несоодветно однесување на ученикот да реагира кај класниот раководител, стручната служба или Директорот. Дежурниот наставник има обврска да поднесува извештај кај Директорот.